МЕГАШИ



2025

ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ



„АЛО БУШАВКО” -
ЛИНИЈА ЗА ДЕЦА И МЛАДИ
070 390 632

ПРВА ДЕТСКА АМБАСАДА ВО СВЕТОТ МЕЃАШИ - РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

АлоБушавко - линија за деца и млади - 070 390 632

Контакт:

02 2465 316

email:

alobushavko@childrensembassy.org.mk

sos@childrensembassy.org.mk

info@childrensembassy.org.mk

Социјални медиуми:



Воведни забелешки

АлоБушавко, телефонската линија за деца и млади, функционира во согласност со основните принципи на Конвенцијата на Обединетите нации за правата на детето, со посебен акцент на правото на приватност, доверливост и заштита на децата од сите форми на повреди. Основната цел на АлоБушавко е да обезбеди безбеден и поддржувачки простор за разговор, размена на информации, поставување прашања и добивање психосоцијална и советодавна поддршка, како и поддршка во процесите на застапување и промовирање на детските права.

Во текот на 2025 година, АлоБушавко беше достапен 24 часа на ден, седум дена во неделата, благодарение на континуираната ангажираност, професионалноста и посветеноста на тимот. Работата на линијата беше координирана од Маја Велковска, проектен менаџер и координаторка на АлоБушавко, со дополнителна стручна поддршка и менторство од Клементина Добревска, програмска менаџерка, заедно со тимот на волонтер(к)и оператор(к)и: Марија К., Даниел, Стефани, Мимоза, Весна, Јована, Ангела, Марија С., Изабела, Анџела и Ана, кои со своето доброволно вклучување, знаење и искуство дадоа значаен придонес во континуираното и квалитетно функционирање на линијата.

Значајна стручна поддршка во текот на годината обезбедуваа психолозите Маријана Марковиќ, Јорданка Черепналкова Трајкоска и Гордана Стефковска Велјаноска, кои преку редовна супервизија и професионална поддршка придонесуваа кон одржување на квалитетот на психосоцијалната помош и благосостојбата на операторите.


Дополнително, преку проектот „Центар за безбеден интернет – МкСафеНет“, финансиран од Европската Унија и националните фондови, под водство на Министерството за дигитална трансформација и во партнерство со Конзорциумот, беше овозможен ангажман на операторките: Јана Петреска, Ангела Трајкоска, Елена Василева, Мила Дамјановска, а подоцна се придружи и Данијела Костадиновска, како операторка со правна насока. Нивниот ангажман обезбеди дополнителна стручна психосоцијална и правна поддршка и придонесе кон континуитетот и унапредувањето на квалитетот на услугата што ја нуди линијата за помош.

Работата на тимот на АлоБушавко, како дел од Првата детска амбасада во светот МЕЃАШИ, и во текот на 2025 година беше менторирана од Гордана Пирковска Змијанац, основачка на Првата детска амбасада во светот - Меѓаши, со поддршка од програмскиот тим составен од психолози и социјални работници.

ОСНОВНИ ДЕМОГРАФСКИ ПОДАТОЦИ ЗА ДОЈАВИТЕ



ВКУПЕН БРОЈ НА ДОЈАВИ 284




КАНАЛ НА КОМУНИКАЦИЈА

Телефонската линија се потврди како најефикасниот канал за пријавување со 227 дојави (79,9%) од вкупниот број на дојави што укажува на преференцијата на граѓаните за директна и брза комуникација, додека преку СМС пораките се примени вкупно 22 дојави, а преку електронската пошта 15 дојави. Ова покажува дека традиционалните канали на комуникација сѐ уште се најефективни за овој тип на услуги.


ЕТНИЧКА ПРИПАДНОСТ

Етничката структура на јавувачите ни открива слика на општествената динамика, вкупно 172 дојави се од Македонци, 19 дојави од Албанци и 11 дојави од Роми. Забележително е што кај 79 дојави етничката припадност не е утврдена.



ВКУПЕН БРОЈ НА ДЕЦА ОПФАТЕНИ СО ДОЈАВИТЕ 278

ВОЗРАСТ




Од вкупно 278 деца и млади кои се обратиле до линијата, забележана е речиси рамномерна родова застапеност: 108 машки (39%) и 102 женски (36%), додека во 68 случаи (25%) полот е анонимен.

Во однос на возраста, најзасегнати биле децата на 10-12 години (38 деца), а веднаш по нив се оние на 13-15 години (33 деца) и на 7-9 години (27 деца). Најмалку случаи има за луѓе над 25 години, што е и очекувано бидејќи линијата е наменета за деца и млади лица. Во тековната година забележан е зголемен број на јавувања за предивици кај лица од машкиот пол, на возраст од 7 - 15 години, најчесто од нивните родители во својство на загрижени дојавувачи, додека кај женскиот пол најголема засегнатост има на возраст од 13 до 25 години.


СРЕДИНА НА ЖИВЕЕЊЕ



РАНЛИВИ ГРУПИ



ПРИЧИНИ ЗА ДОЈАВА ПО КАТЕГОРИИ




Годината 2025 се покажа како период од исклучителна важност за областа за заштита на деца и млади во нашето општество. Овој сеопфатен извештај во периодот од јануари до декември 2025 година претставува анализа на 284 дојави што се примени преку различни комуникациски канали, секоја од дојавите раскажува за дете или млада личност што се наоѓа во ситуација на ранливост или ризик. Анализата прикажана подолу не претставува само статистички преглед, туку длабоко нурнување во реалноста на детството или младоста во современиот контекст. Таа ни овозможува да ги разбереме сложените димензии на ранливоста, да ги препознаеме системските слабости и да ги идентификуваме можностите за подобрување на квалитетот на животот на најмладите членови на нашето општество.



Анализата на проблемите открива дека менталното здравје е најголемиот предизвик со 83 дојави (30%) од вкупниот број. Овој податок укажува дека младите се соочуваат со бројни предизвици кои ги надминуваат нивните капацитети за справување со истите. Семејните односи следат со 64 дојави (23%) што укажува на кризата во семејните структури. Повредите се трет најчест проблем со 57 дојави (21%). Во однос на проблемите со пристапноста евидентирани се 39 дојави, додека во категоријата училишна средина има 18 дојави. Со најмал процент на дојави се категориите дискриминација и ексклузија (11 дојави), физичко здравје (2 дојави) и сексуалност (1 дојава). Во текот на 2025 година е забележан и значаен пораст за % на дојавите поврзани со предизвици во дигиталниот свет, во однос на изминатата година

Доколку подетално се анализираат трите главни категории на проблеми за кои линијата Ало Бушавко има евидентирани податоци, се добиваат следните информации:



Во рамки на категоријата „Ментално здравје“, најчесто пријавувани подкатегории се „страв и вознемиреност“ и „самоубиствени мисли и обиди за самоубиство“, при што за секоја од нив се евидентирани по 19 случаи, односно деца кои биле директно засегнати од овие состојби. Во 2025 година е забележан значителен пораст на бројот на деца и млади кои пријавуваат самоубиствени мисли или имаат извршено обид за самоубиство, што укажува на потребата од итна и континуирана поддршка. На трето место, според застапеност, се наоѓа подкатегоријата „проблеми со расположението“, со евидентирани 13 случаи. Ова дополнително го нагласува психолошкиот товар со кој се соочуваат децата и младите, како и потребата од системска поддршка и превентивни мерки насочени кон унапредување на нивното ментално здравје.

Во рамки на категоријата „Семејни односи“, убедливо најзастапена е подкатегоријата „односи со родители“, за која се евидентирани вкупно 48 случаи, односно деца кои се обратиле до линијата Ало Бушавко поради различни тешкотии и конфликти во односите со нивните родители. Овој податок укажува на потребата од поголема поддршка за семејствата, со цел да се зајакне меѓусебната комуникација, разбирање и градење на доверба помеѓу родителите и децата.

Во рамки на категоријата „Повреда“, најголем број пријави се евидентирани во подкатегоријата „физичко насилство“, каде се регистрирани 22 деца засегнати од различни форми на директно физичко повредување. Овие случаи укажуваат на сериозни нарушувања на безбедноста и интегритетот на децата и претставуваат висок ризик по нивното физичко и психолошко здравје. На второ место, според застапеност, се наоѓа подкатегоријата „занемарување (негрижа)“, со 9 деца. Ваквите состојби често доведуваат до долгорочни последици врз развојот и чувството на сигурност кај децата. Подкатегоријата „булинг“ опфаќа 8 деца, при што се евидентирани случаи на континуирано изложување на навредливо, заканувачко или понижувачко однесување од страна на врсници. Иако бројчено помалку застапени, овие случаи претставуваат сериозен ризик за менталното здравје на децата и се поврзани со појава на анксиозност, страв, социјална изолација и намалена самодоверба.

ПРЕЗЕМЕНИ АКТИВНОСТИ





Во одговор на идентификуваните ситуации, најчесто се користени препораки - во 152 случаи (52% од вкупниот број на дојави).

Во 22 случаи, лицата беа упатени кон други организации кои имаат соодветна релевантност за интервенција. Директна интервенција беше спроведена во 28 случаи, најчесто во итни ситуации. Во 19 случаи имаше упатување до надлежните органи за спроведување на законот, а во 16 случаи до институции за заштита на децата. Во 13 случаи децата биле упатени до здравствени работници, во 6 случаи до советниците во училиштата, а во 3 случаи се преземени други активности.

АКТИВНОСТИ НА ТИМОТ “АЛО БУШАВКО”



ЛИНИЈАТА ЗА ДЕЦА И МЛАДИ - АЛО БУШАВКО ХАРМОНИЗИРАН СО ЕВРОПСКИОТ УНИФИЦИРАН БРОЈ 116 111

Во текот на 2025 година, АлоБушавко – линијата за помош и поддршка на деца и млади, продолжи да обезбедува доверлива, бесплатна и 24/7 достапна поддршка за децата на национално ниво, во согласност со начелата на Конвенцијата на ОН за правата на детето.

Особено значаен напредок беше постигнат со хармонизацијата на телефонскиот број 116 111, кој претставува единствен европски број наменет исклучиво за деца и млади во ризик. Во август 2025 година беше добиено официјалното решение од Агенцијата за електронски комуникации (АЕК).

Обезбедувањето на услугата преку бројот 116 111 беше дополнително поддржано од бизнис-секторот, односно компанијата А1, која преку донација овозможи техничка и оперативна поддршка на линијата. Процесот на активација и целосна операционализација на бројот е во тек, во рамки на проектот „Центар за безбеден интернет – МкСафеНет“, под водство на Министерството за дигитална трансформација и финансиски поддржан од Европската Унија.

Преку овие унапредувања, АлоБушавко дополнително ја зајакна својата улога како сигурна, лесно достапна и препознатлива линија за помош и поддршка на децата и младите во земјата.



116 111

ОБЕЗБЕДУВАЊЕ ПСИХОЛОШКА ПОДДРШКА ПО ТРАГИЧНИОТ НАСТАН ВО КОЧАНИ

По трагичниот пожар во ноќен клуб во Кочани, во кој животот го загубија повеќе лица, меѓу кои и деца, Првата детска амбасада во светот - Меѓаши изрази длабоко сочувство до семејствата и блиските на настраданите.
Во рамки на итна реакција, беше активиран стручен тим составен од психолози, педагози, социјални работници и обучени фасилитатори, кој обезбеди психолошка прва помош и поддршка за сите засегнати.
Поддршката беше понудена преку:

- Директни средби со ученици и персонал во СОУ „Гошо Викентиев“ – Кочани
- Телефонска поддршка преку шест 24-часовни линии, вклучително и АЛО БУШАВКО (070 390 632)

СОС линија за деца и млади
02 2465 316   070 390 632
ПРВА ПСИХОЛОШКА ПОМОШ
ЛИНИИ ДОСТАПНИ 24/7
Дополнителни броеви: →
075 329 066
070 393 668
075 329 075
078 326 830
075 329 078
МЕЃАШИ
ПРВА ДЕТСКА АМБАСАДА
НИЕ СМЕ ИДНИНАТА

Паралелно со теренската поддршка, Меѓаши обезбеди и стручни совети за родителите и наставниците како да комуницираат со децата по вакви трагични настани, преку порталот Fasionel.mk
Психолозите Ангела Трајкоска и Елена Василева, заедно со студентката по психологија Мила Дамјановска, операторки на "Ало Бушавко", дадоа практични препораки за:

- Обезбедување емпатична и смирена комуникација
- Помош децата полесно да ја разберат ситуацијата
- Намалување на дополнителен страв или вознемиреност

Целта на сите активности беше да се овозможи безбедна и поддржувачка средина, во која децата и младите можат полесно да се справат со траумата. Меѓаши, како организација останува достапна за сите на кои им е потребна психосоцијална помош.

СОС линија за деца и млади достапна 24/7
02 2465 316   070 390 632
ПРВА ПСИХОЛОШКА ПОМОШ
ОПФАЌА:

- Оценка на ситуацијата
- Создавање на безбедна средина
- Активно слушање - пружање простор за вентилирање
- Почитување на емоциите
- Понуда на практична помош како обезбедување основни потреби (вода, храна, медицински средства) и медијаторство за професионална помош
- Обезбедување насоки за понатамошна поддршка

МЕЃАШИ
ПРВА ДЕТСКА АМБАСАДА
НИЕ СМЕ ИДНИНАТА
Дополнителни броеви за контакт:
075 329 066   070 393 668
075 329 075   078 326 830
075 329 078

Како дополнување на теренската и телефонската поддршка, на тема психосоцијалната помош по трагедијата, беше реализирано и телевизиско гостување на Телевизија Телма. Во емисијата учествуваа Мила Дамјановска, студентка по психологија и операторка на „Ало Бушавко“, и Драги Змијанац, извршен директор на Првата детска амбасада во светот - Меѓаши. Тие зборуваа за потребата од итна психолошка интервенција, начините на кои децата се справуваат со траума, како и за важноста на емпатичен пристап од страна на возрасните.







Првата детска амбасада во светот – Меѓаши, преку линијата Ало Бушавко и своите стручни тимови, останува постојано на располагање за сите деца, млади, родители и професионалци кои имаат потреба од психосоцијална поддршка, совети или помош.

УЧЕСТВО НА ОБУКА НА INSAFE/INHOPE ВО АМСТЕРДАМ ЗА УНАПРЕДУВАЊЕ НА ДИГИТАЛНАТА БЕЗБЕДНОСТ


Во периодот од 19 до 20 март, претставничка од Првата детска амбасада во светот Меѓаши, Маја Велковска, како дел од тимот на Ало Бушавко и проектот #MKSafeNet, учествуваше на заедничка обука на мрежата Insafe/INHOPE, која се одржа во Амстердам, Холандија. Оваа обука претставуваше значајна можност за размена на искуства и унапредување на соработката меѓу европските центри за побезбеден интернет, телефонските линии за помош и организациите што работат на подигање на свеста за безбедно користење на интернетот.





МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА ЗА ДИГИТАЛНА БЕЗБЕДНОСТ ПРЕКУ УЧЕСТВО НА БИК+ МРЕЖАТА - HELPLINE EARLY WARNING GROUP MEETINGS

Линијата Ало Бушавко активно учествува во Helpline Early Warning Group, дел од иницијативата Better Internet for Kids, за размена на информации за онлајн ризици и трендови меѓу европските линии за поддршка. Целта е рана идентификација на закани и зајакнување на дигиталната безбедност на младите. Ало Бушавко е официјална линија при Националниот центар за безбеден интернет, која ги прима дојавите и пријавите за сите облици на дигитално насилство. Тоа го остварува преку партнерство на проектот MKSafeNet, поддржан од Министерството за дигитална трансформација и ЕУ.





ПРЕЗЕНТИРАН ГОДИШНИОТ ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТАТА НА АЛО БУШАВКО – ТЕЛЕФОН ЗА ДЕЦА И МЛАДИ

На 24 април беше одржана прес-конференција на која беше презентиран годишниот извештај за работата на Ало Бушавко (070 390 632) за 2024 година. Во текот на годината беа евидентирани 208 повици, а 222 деца и млади добија психосоцијална поддршка преку линијата.

И оваа година, најчесто пријавуван проблем беше менталното здравје – со зголемен број случаи поврзани со анксиозност, гнев, загриженост и нарушено расположение. Особена загриженост предизвикува порастот на повици поврзани со самоубиствени мисли и обиди, што ја нагласува итната потреба од достапна и навремена психолошка поддршка.

Ало Бушавко останува безбеден и доверлив простор за децата и младите, каде што можат да се обратат 24/7 за разговор, разбирање и стручна помош. Посебна благодарност беше изразена до сите операторки, волонтери, институции и медиуми кои ја поддржуваат оваа важна мисија.





3 ОБУКИ ЗА НОВИ ВОЛОНТЕРИ НА “АЛО БУШАВКО”

Во текот на 2025 година период беа реализирани 3 обуки за нови волонтери. На првата присуствуваа студентки по психологија и практиканти од Институтот за социјална работа при Филозофскиот факултет во Скопје, а на другите две присуствуваа студентки по психологија од прв и втор циклус студии.



Обуките опфатија теми поврзани со предизвиците со кои се соочуваат децата и младите во различни средини: семејство, училиште и градинка, а беа опфатени и итните случаи поврзани со самоубиствени мисли и обиди за самоубиство. Преку симулации на телефонски разговори и анализа на реални случаи, волонтерите се запознаа со основните принципи на советување, етички пристап и важноста од активно слушање.

Во рамките на оваа година на линијата се вклучија 6 нови волонтерки и 4 практиканти - студенти од Институтот за социјална работа и политика при Филозофскиот факлтет. Волонтерите се клучен дел од нашиот тим – нивниот ангажман е од огромно значење за поддршката што ја нудиме. Тие не само што учат, туку и активно придонесуваат за подобрување на менталното здравје и благосостојбата на младите.



РАБОТИЛНИЦА ЗА ЈАКНЕЊЕ НА КАПАЦИТЕТИТЕ ЗА СПРАВУВАЊЕ СО ДИГИТАЛНО НАСИЛСТВО И CSAM КАЈ ДЕЦА И МЛАДИ

На 24 и 25 ноември 2025 година ја реализиравме работилницата за јакнење на капацитетите за справување со дигитално насилство и CSAM кај деца и млади во рамки на проектот „Центар за побезбеден интернет - МкСафеНет“. Работилницата значајно придонесе кон продлабочување на знаењата за различните форми на дигитално насилство, нивното навремено препознавање и ефективна превенција, како и кон унапредување на вештините на оператор(к)ите и стручните лица кои претставуваат прва линија на поддршка за жртвите. Особено ни значеше присуството на претставници од други граѓански организации кои управуваат со СОС линии или се вклучени во обезбедување помош и поддршка. Нивното учество овозможи размена на искуства, отвори нови перспективи и ја зајакна взаемната соработка во борбата со насилството во дигиталниот простор.









ИНТЕРКУЛТУРНА СОРАБОТКА

Меѓаши беа домаќини на заедничка акција во рамките на програмата за младинска размена и практична обука, организирана од SIEC, СОС Детско Село Македонија, Out of Area и ROC Midden Холандија. Младите волонтери беа ангажирани во активности за уредување на просториите и поддршка на програмите на Сумнал, СУГС „Орце Николов“ и Дневниот центар Шуто Оризари, со цел поттикнување на интеркултурна соработка, размена на добри практики и градење солидарност меѓу младите од Македонија и Холандија. Иницијативата се реализира во партнерство со Првата детска амбасада во светот - Меѓаши, Balkan University и Форум за немнозински заедници, како дел од втората година на поддршка на практичната обука за млади од Холандија.



СУПЕРВИЗИСКА ПОДДРШКА НА ТИМОТ

Во текот на 2025 година, беа редовно реализирани супервизиски средби со операторките, со цел обезбедување континуирана стручна поддршка и унапредување на квалитетот на услугите. Супервизиите овозможија безбеден и поддржувачки простор за споделување професионални искуства, разгледување на предизвици од секојдневната работа, како и зајакнување на психосоцијалните и комуникациските вештини на операторите.
Преку групната супервизија се придонесе кон превенција од професионален замор и секундарна трауматизација, како и кон одржување на висок степен на професионалност, етичност и емпатичен пристап во работата со деца и млади.

ПОДДРШКА ПРИ ЗАШТИТА НА ДЕЦАТА ВО ДИГИТАЛНИОТ ПРОСТОР И БРОЈОТ 116111

Преку повеќекратни посети, работилници и тренинзи, регионалниот експерт од Центарот за побезбеден интернет од Албанија придонесе кон зголемување на знаењата и вештините на операторките за постапување со сите видови случаи, со посебен акцент на дигитално насилство и онлајн ризици кај децата и младите. Активностите опфатија практична работа со анонимизирани случаи, преглед на постојните протоколи, усогласување на извештајните механизми и препораки за подобрување на управувањето со случаи. Преку овие активности, обезбедивме јакнење на капацитетите на тимот, подобро управување со бројот 116 111 и подготвителност за ефикасно и безбедно пружање поддршка на децата, во рамки на проектот МКСН (МкСафеНет).





МЕДИУМСКА ПОКРИЕНОСТ НА АЛО БУШАВКО

Во текот на 2025 година, тимот на Ало Бушавко учествуваше во активности за јавна информираност и медиумска покриеност на теми поврзани со заштита на децата. Преку медиумско присуство, се овозможи пренесување на стручни пораки до пошироката јавност, со фокус на превенција на ризични ситуации, препознавање на знаци на злоупотреба и поттикнување на доверба на телефонската линија како безбеден канал за поддршка и советување.






Дел од изјавите беа насочени кон промоција на телефонската линија, како и кон апелирање и информирање за актуелните трендови и предизвици кај децата и младите, вклучително и проблеми поврзани со менталното здравје, како што се самоубиствата, со цел подигнување на јавната свест.

Дополнително, беше ставен акцент и на актуелните ризици во дигиталниот простор, вклучувајќи онлајн насилство, злоупотреба на социјалните мрежи, изложеност на штетни содржини и други форми на онлајн загрозување, со цел укажување на значењето на навремена поддршка, превенција и заштита на децата и младите.

,





Другиот дел од изјавите беше насочен кон реакција и осудување на актуелни вести и настани во нашата држава, со цел јавноста да биде информирана за ставот на Ало Бушавко и Првата детска амбасада во светот Меѓаши за заштита на децата. Во овој контекст, посебно внимание беше посветено на два значајни случаи. Првиот случај се однесува на настанот со „насилство врз девојче од Струмичко Ново Село“, при што Ало Бушавко јасно го осуди насилството, истакнувајќи ја потребата за заштита на правата на децата, превенција на насилството и адекватна реакција од надлежните институции. Вториот случај се однесува на „Меѓународниот ден против експлоатација на детски труд“, кога Ало Бушавко даде изјави со цел да го поттикне јавното внимание кон овој глобален проблем и неговото присуство во нашата држава.





Во текот на годината, Ало Бушавко беше дел и од видео материјал објавен преку порталот Гоце од Универзитетот „Гоце Делчев“, на тема „Тажните приказни за сајбер насилство преку сведоштва на линијата ‘Ало Бушавко’ при Меѓаши“. Преку изјавите и прикажаните случаи, беше потенцирана улогата на Ало Бушавко како доверлив и безбеден канал за поддршка, советување и упатување до релевантни институции.







ВОЛОНТЕР(К)И И АКТИВИСТ(К)И ЗА 2025

Во 2025 година, Меѓаши додели признанија и благодарници како израз на искрена благодарност за посветениот придонес во заштитата на правата и добросостојбата на децата.
Признанието „Волонтерка на годината“ им беше доделено на Весна Џајкова и Стефани Стојановска за нивниот исклучителен волонтерски ангажман, одговорност и вредности.
Признанието „Активист на годината“ им беше доделено на Стојан Стојчевски и Никола Стојкоски за нивниот значаен придонес во борбата против сексуалната злоупотреба и експлоатација на деца (CSAM), унапредувањето на безбедноста на децата во дигиталниот простор и поддршката на организациските процеси.
Воедно, беа доделени благодарници на 10 волонтери за нивниот континуиран ангажман, посветеност и несебична поддршка на активностите на организацијата во текот на 2025 година.



РАБОТИЛНИЦИ ЗА ДЕТСКИ ПРАВА




РАБОТИЛНИЦИ ЗА ДЕТСКИ ПРАВА

Во текот на првото полугодие од 2025 година, тимот на Ало Бушавко активно учествуваше во организирање и реализација на низа едукативни работилници и презентации посветени на детските права и одговорности, мировното образование и безбедноста на интернет. Овие активности беа насочени кон подигнување на свеста кај децата и младите за нивните права и начините на нивна заштита, со посебен акцент на претставување на телефонската линија Ало Бушавко (070 390 632).

КРЕАТИВЕН ПОЧЕТОК

На 9 април, во амбасадата на Меѓаши се одржаа едукативни работилници во кои учествуваа ученици од ООУ „Димитар Поп Георгиев Беровски“ и ООУ „Љубен Лапе“ од Скопје, како и нивни врсници од Романија. Работилниците беа осмислени како простори за креативност и размена на идеи, преку активности како џиновска сложувалка „Поттикни мир“, пантомима за детски права и отворени дискусии. Учениците покажаа голем интерес и активно учествуваа, а посебен акцент беше ставен на претставување на линијата Ало Бушавко како достапна и доверлива поддршка за секое дете.









„ДЕЦАТА МОЖАТ!“ – ПОРАКА ЗА ДИГИТАЛНА СВЕСТ

Само неколку дена подоцна, на 15 април, повторно во просториите на Меѓаши, ученици од ООУ „Љубен Лапе“ учествуваа во интерактивна работилница посветена не само на правата и одговорностите на децата, туку и на актуелната тема – безбедност на интернет. Преку песни, цртежи и разговори, децата ги изразија своите ставови за важноста на заштитата во дигиталната средина. Централната порака „Децата можат!“ ја симболизираше нивната подготвеност да бидат активни чинители во заедницата и да ги препознаат сопствените права и одговорности.













ЕДУКАЦИЈА И ИНСПИРАЦИЈА СО НАЈМЛАДИТЕ – ПРИМЕР ОД ООУ „МИРЧЕ АЦЕВ

На 28 април 2025 година, тимот на Ало Бушавко реализираше едукативна работилница во ООУ „Мирче Ацев“ – Скопје, со учество на повеќе од 170 ученици од 4то и 5то одделение. Работилницата беше фокусирана на тема детски права и одговорности, со посебен акцент на слободата на изразување, препознавање на сопствените права и охрабрување на децата да ги споделат своите ставови и искуства.
Активностите беа спроведени преку интерактивен пристап и методи што го поттикнуваат критичкото размислување и активно учество на учениците. Атмосферата во текот на работилницата беше позитивна и поддржувачка, што придонесе децата отворено да зборуваат за теми од нивното секојдневие и да поставуваат прашања.










СРЕДНОШКОЛСКА ПЕРСПЕКТИВА ОД КУМАНОВО

На 14 мај, тимот на Ало Бушавко го посети средното стручно училиште ОСТУ „Наце Буѓони“ во Куманово, каде што се одржа презентација за детските права наменета за ученици од четврта година. Презентацијата поттикна дискусија за значењето на меѓусебното почитување, толеранцијата и создавањето безбедна и праведна заедница. Учениците активно се вклучија, споделувајќи свои гледишта и прашања, што покажа високо ниво на свесност и ангажираност.





КРУШЕВО: ЕДУКАЦИЈА ВО СРЦЕТО НА ЗАЕДНИЦАТА

На 21 мај, во ООУ „Никола Карев“ во Крушево се реализираше работилница фокусирана на правата на децата и улогата на Ало Бушавко како ресурс за заштита. Учениците, со поддршка од наставниците, преку игри, дискусии и интерактивни активности, истражуваа што значи да се имаат права, но и одговорности како членови на заедницата. Интересот и вклученоста од страна на сите учесници придонесоа работилницата да биде инспиративна и содржајна.





БЕЗБЕДНОСТ НА ИНТЕРНЕТ – РЕАЛНОСТ ЗА СИТЕ

На 29 мај, во ОУ „Браќа Рамиз – Хамид“ се одржа посебна работилница посветена на тема: Безбедност на интернет, Во време кога дигиталниот свет е секојдневие за учениците, работилницата понуди практични насоки за тоа како децата да се заштитат во дигиталниот свет, како да препознаат опасности и што да направат ако се почувствуваат загрозени. Учениците покажаа голема заинтересираност, поставувајќи конкретни прашања и споделувајќи лични искуства.





ОТКРИВАЊЕ НА ПРАВАТА НИЗ ИГРА

Во истиот период, ученици од VI одделение од ООУ „Конгреси и Манастирит“ го посетија Меѓаши и учествуваа во работилница за детски права. Преку игри, интеракција и разговори, учениците ги истражуваа своите основни права и се запознаа со линијата Ало Бушавко како ресурс за поддршка. Присутните ученици покажаа љубопитност, ангажираност и разбирање за темите кои ги засегаат директно.





ДЕТСКИ ПРАВА И МИР - ИНСПИРАТИВНА РАБОТИЛНИЦА

Детската амбасада Меѓаши организираше инспиративна работилница посветена на правата и одговорностите на децата, како и на темата „Што значи мир за мене?“, заедно со децата од ЈУ Детски Дом „11 Октомври“ – Скопје. Преку креативни и интерактивни активности – разговор, пишување, цртање и игра децата имаа можност да ги запознаат своите права и одговорности, но и слободно да ги изразат своите мисли, ставови, желби и визии за свет исполнет со љубов, прифаќање и разбирање, свет во кој владее мир.





УЧИМЕ ЗА ДЕТСКИТЕ ПРАВА СО ДЕЦА ОД ТРЕТО ОДДЕЛЕНИЕ

На 2 октомври 2025 година, со огромна радост ги пречекавме учениците од трето одделение од основното училиште IPS Macedonia во просториите на Првата детска амбасада во светот „Меѓаши“.

Заедно организиравме едукативна работилница посветена на детските права. Преку разговори, игри и креативни активности, децата учеа како да ги препознаат и заштитат своите права на забавен и инспиративен начин.






МЕЃУНАРОДНА СРЕДБА ВО ДУХОТ НА ДЕТСКИТЕ ПРАВА

На 8 октомври 2025 година, во просториите на Првата детска амбасада во светот „Меѓаши“, ни гостуваа 8 ученици и 2 наставници од училиштето „Agrupamento Escolas Azambuja“ од Лисабон, Португалија. Учениците престојуваа во Скопје во рамки на Еразмус+ проектот „Make the world a better place“, а за време на нивната посета учествуваа на интерактивна работилница посветена на детските права. Преку отворена дискусија, учениците разговараа за тоа што значи да се биде дете денес, како да се препознаат и заштитат сопствените права, како и како да се реагира доколку тие или нивни врсници се соочат со нивно прекршување.





ДЕТСКИТЕ ПРАВА НÈ ПОВРЗУВААТ

Во истиот период, во просториите на Меѓаши одржавме работилница за детските права и одговорности со ученици од трето одделение од македонска и албанска паралелка од ОУ „Јахја Кемал Колеџ“.

Преку дискусии и креативни активности, децата разговараа за правото на образование, пријателство и еднаквост. Работилницата помина во дух на соработка и смеа, исполнета со детскиот глас што нè потсети дека секое дете има право да биде слушнато.





Резиме – Годишен извештај за „Ало Бушавко“ (јануари – декември 2025)

Во текот на 2025 година беа евидентирани 284 дојави преку линијата за поддршка, при што телефонската линија се потврди како најкористен канал со 79,9% од пријавите. Најзастапени се дојави од македонското население, а родовата застапеност кај децата и младите е речиси рамномерна. Најчесто засегнати се децата на возраст од 10 до 15 години.
Најголем дел од пријавите се однесуваат на менталното здравје (30%), особено страв, вознемиреност и самоубиствени мисли, по што следат семејните односи (23%) и повредите и насилството (21%). Како одговор, во најголем дел од случаите беа дадени совети и препораки, а кај дел од пријавите беа спроведени директни интервенции и упатувања до надлежни институции и стручни служби.

Во 2025 година, АлоБушавко ја унапреди достапноста и препознатливоста на услугата преку успешната хармонизација на националниот број 116 111, со што дополнително се зајакна поддршката за деца и млади на национално ниво. Овој чекор претставува значаен исчекор кон усогласување со европските стандарди и унапредување на заштитата на правата на детето.

Во фокусот на активностите беше и психолошката поддршка по трагичниот настан во Кочани, како и учество во меѓународни иницијативи за дигитална безбедност преку Insafe/INHOPE, BIK+ и проектот MkSafeNet и јакнење на капацитетите за справување со CSAM, како и поддршка од регионални експерти за зајакнување на Ало Бушавко линијата и нејзино усогласување со европските стандарди.

Во рамки на едукативниот дел, тимот на Ало Бушавко реализираше работилници и презентации низ државата, каде децата активно дискутираа за своите права, заштита и безбедноста на интернет. Особено значајно беше вклучувањето на нови волонтери, студенти по психологија и социјална работа, кои преку обуки добија практична подготовка за работа со деца и млади.

Ало Бушавко продолжува да биде клучен ресурс за поддршка, разбирање и застапување на децата, потврдувајќи ја мисијата: секое дете да знае дека не е само, дека има право на поддршка и дека неговиот глас е важен.




ПРВА ДЕТСКА АМБАСАДА ВО СВЕТОТ МЕЃАШИ
МЕЃАШИ
ПРВА ДЕТСКА АМБАСАДА
НИЕ СМЕ ИДНИНАТА
РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

2026